ОПШТИНА ГЕВГЕЛИЈА
MUNICIPALITY OF GEVGELIJA
СЕКТОР ЗА УРБАНИЗАМ, КОМУНАЛНИ РАБОТИ
И ЗАШТИТА НА ЖИВОТНА СРЕДИНА
Одделение за урбанизам, архитектура,
градежништво и заштита на животната средина
**Бр. 11-637/6**
**01.11.2024 год.**
**Гевгелија**

Градоначалникот на општина Гевгелија врз основа на член 44 став 7 од Законот за урбанистичко планирање (Сл.Весник на РМ бр.32/20, 111/23 и 171/24) ја издава следната

## П О Т В Р Д А
## за заверка на одобрена планска програма

Се одобрува Планска програма за изработка на Детален урбанистички план за Блок 7.3, општина Гевгелија со тех.бр.103/2024 од октомври 2024год.

О Б Р А З Л О Ж Е Н И Е

Барателот Општина Гевгелија со адреса на ул.,,Димитар Влахов,, бр.5 преку полномошник Институт за урбанизам, сообраќај и екологија ,,ИН-ПУМА,, Скопје во електронскиот систем е-урбанизам (постапка бр.65430) поднесе барање за одобрување на Планска програма заведено под тех.бр.11-637/1 од 07.10.2024год., а изработена од Институт за урбанизам, сообраќај и екологија ,,ИН-ПУМА,, Скопје за Детален урбанистички план за дел од Блок 7.3, општина Гевгелија.

Со барањето ја приложи следната документација:

1. Планска програма со технички број 103/2024 од октомври 2024год., изработена од Институт за урбанизам, сообраќај и екологија ,,ИН-ПУМА,, Скопје.

2. Графички приказ на Планска програма со граница на плански опфат.

Комисијата за урбанизам формирана од Градоначалникот на општина Гевгелија со Решение број 08-1793/1 од 13.11.2023година, по разгледувањето на приложената документација со барањето, констатира дека истото е основано и Планската програма може да се одобри. Истото го потврди со Предлог за одобрување број 11-637/5 од 28.10.2024година.

Градоначалникот на општина Гевгелија по извршениот увид на приложената документација со барањето и предлогот од Комисијата за урбанизам констатира дека се исполнети условите од Законот за урбанистичко планирање (Сл.Весник на РМ бр.32/20, 111/23 и 171/24). Врз основа на тоа, се одобрува планската програма и на истата се врши заверка.

Градоначалник на
општина Гевгелија
***Андон Сарамандов***

Andon Saramandov
Digitally signed by Andon Saramandov
Date: 2024.11.01 15:52:49 +01'00'